До
**Државна комисија**
**за спречување на корупција**
Бул. Пресвета Богородица бр. 3
е-пошта: contact@dksk.org.mk

# БАРАЊЕ

**За пристап до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12 -09- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | - 2438 | 1 | |

[redacted]

Јас, [redacted]

Почитувани,

Се пријавив за работното место под точка 2 и точка 3 – Наставник по угостителство и туризам со полно работно време - 20 наставни часа. На 6.9.2024г. добив известување со архивски број [redacted] дека не сум избран за работните места од точка 2 и 3. А со одлука од 4.9.2024г. со архивски број [redacted] се изберени кандидати кои имаат НЕСООДВЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ насороти она кое се бараше на огласот. Сметам дека со мојата диплома Дипломиран менаџер по угостителство и диететика имам предност пред избраните кандидати бидејки предметите кои се изучуваат во угостителско – туристичката струка спаѓаат во сферата на угостителството но, при избор на селекција се избрани кандидати за кои сметам дека не ги исполнуваат нормативите за бараниот наставен кадар.

Од вас како Државна комисија за спречување на корупција чија визија е да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, барам да го разгледате мојот проблем и да направите увид во вршењето на целата постапка од страна на одговорните страни во училиштето, од распишувањето на огласот до направениот избор и документите приложени од избраните кандидати. Бидејќи се сомневам во исправноста при водењето на процесот, барам да ми дадете одговор на следното:

- Да се даде образложение на кој начин е направена селекцијата на кандидати.
- Дали селекцијата на кандидати е направена по партиска линија или фаворизација бидејки според мене кандидат кој се стекнал со додипломски студии на Природно математички факултет - отсек туризам,

неможе да биде распределен да држи настава на група предмети кои спаѓаат во областа на ресторанско работење, угостителско послужуување, храна и пијалоци, хотелско работење и сл. Или другиот избран кандидат кој има дипломирано на насока туризам да реализира настава по сите предмети од областа на угостителството за кој што не е соодветен.

- Институцијата да даде образложение како и зошто му овозможува на кандидатот кој има завршено студии на Природно математички факултет - отсек туризам кој што не е соодветен ниту по еден од предметите кои ги реализира да полага стручен испит? Зарем не се ова партиските вработувања на локалната самоуправа и институцијата ?!?!
- Да направи увид во решението за распределба на часови на новоизбраните кандидати и да утврди дали по норматив предметите кои им се определени можат да ги предаваат.
- Да се достави записник од училишен одбор бидејќи во самата одлука пишува дека кандидатите се избрани од страна на директорот но, по предлог од членовите на училишен одбор.

Се надевам дека ќе излезете во пресрет на моите барања изнесени во оваа претставка и ќе одлучите правилно и според законот.

Во прилог Ви ги доставувам сите документи кои ги приложив на огласот.

Однапред Ви благодарам!

датум: 11.9.2024г.

Со почит,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. /Nr 03-2438/2
23-09-2024 г./v.

До
[redacted]

Предмет: Известување

Почитуван,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-2438/1 од 12.09.2024 година, Ве известуваме за следното:

Информацијата која ја барате повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку поднесување на барање од Ваша страна не претставува ***„информација од јавен карактер"*** дефинирана во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Од тие причини, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК), по разгледување на Вашето барање оформи предмет во врска со наводите изнесени во барањето и истиот е проследен до Секторот за спречување на корупцијата за натамошно постапување и одлучување по предметот. По утврдување на фактичката состојба, ДКСК ќе донесе Одлука која согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе биде доставена до Вас и ќе биде објавена на веб страницата на ДКСК.

Претседател,
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази, виш соработник

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk